Уп. Бр.08-53/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Ево Пејментс Интернешанел ЛЛЦ, со седиште на 515 Бродхолоу Роуд 515, Мелвил, НЈ 11747, Соединетите Американски Држави и Национална банка на Грција С.А., со регистрирано седиште на ул. Аиолоу 86, 10559 Атина, Грција преку Божидар Милошевиќ, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.03.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување заедничка контрола од страна на Ево Пејментс Интернешанел ЛЛЦ, со седиште на 515 Бродхолоу Роуд 515, Мелвил, НЈ 11747, Соединетите Американски Држави и Национална банка на Грција С.А., со регистрирано седиште на ул. Аиолоу 86, 10559 Атина, Грција над друштво кое ќе биде основано со назив НБГ Пејментс С.А., во кое Национална банка на Грција ќе го пренесе својот деловен потфат за процесирање на безготовинско плаќање, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на 28.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од страна на Ево Пејментс Интернешанел ЛЛЦ, со седиште на 515 Бродхолоу Роуд 515, Мелвил, НЈ 11747, Соединетите Американски Држави и Национална банка на Грција С.А., со регистрирано седиште на ул. Аиолоу 86, 10559 Атина, Грција, со која ќе стекнат заедничка контрола над над друштво кое ќе биде основано со назив НБГ Пејментс С.А., во кое Национална банка на Грција ќе го пренесе својот деловен потфат за процесирање на безготовинско плаќање.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЕВО Пејментс Интернешанел ЛЛЦ** е зависно друштво на ЕВО Инвестко ЛЛЦ (EVO Investco, LLC), кое пак е во мнозинска сопственост на ЕВО Пејментс, Инк. (EVO Payments, Inc.), владејачко друштво на ЕВО групацијата. ЕВО е водечки обезбедувач на технологии и услуги за плаќање. ЕВО нуди низа иновативни, сигурни и безбедни решенија за плаќање на трговци, од мали и средни претпријатија до мултинационални друштва и организации ширум светот. Како целосно интегриран обезбедувач на безготовинско плаќање и процесор на плаќања во над 50 пазари и 150 валути ширум светот, ЕВО обезбедува конкурентни решенија кои промовираат раст на работењето, ја зголемуваат лојалноста на клиентите и ја подобруваат безбедноста на податоците на меѓународните пазари што ги опслужува.

ЕВО Пејментс нема регистрирани зависни друштва и не врши било какви активности во Република Северна Македонија.

**Национална банка на Грција С.А.** е една од четирите системски банки во Грција и една од најголемите финансиски институции во Грција, која нуди широк опсег на финансиски производи и услуги. Има силно присуство ширум државата, со водечки пазарен удел во повеќето од главните деловни области, вклучувајќи ги работењето со население и корпоративното кредитирање.

НБГ групацијата има регистрирано зависно друштво во Република Северна Македонија:

- Стопанска Банка АД Скопје, со регистрирано седиште на 11 октомври бр. 7, 1000

Скопје, Република Северна Македонија, која е лиценцирана банка овластена да врши банкарски активности.

**НБГ Пејментс С.А.** го претставува деловниот потфат на Националната банка на Грција С.А. за процесирање на безготовинско плаќање, кој пред оваа концентрација е во самостојна сопственост на Националната банка на Грција С.А., а по спроведување на истата, ќе биде под заедничка контрола на ЕВО Пејментс (преку индиректно зависно друштво) и Националната банка на Грција С.А.

Предвидено е НБГ Пејментс С.А. да биде активно во деловниот потфат за процесирање на безготовинско плаќање само во Грција и нема да има активности во Република Северна Македонија).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**